***Број: 02 - 23551/2***
***16.02.2010 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXVI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 04.12.2009 со почеток во 15.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*

- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*На седницата во врска со точката 3 од предлог дневниот ред - „Семејна медицина со предлог анекс договор“, присуствуваше и Катерина Веновска, претставник на Проектот за управување со здравствениот сектор при Министерството за здравство, а во врска со точката 3 од предлог дневниот ред - „Барање од Фармацевтската комора за исплата на месечниот надоместок - квота на аптеки кои немаат потпишано анекс на договорот за промена на квотата во јули 2009 година со предлог анекс“, присуствуваше Силвана Стојанова, раководител на Подрачната служба Кавадарци.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Беким Сали. Ги запозна членовите дека од денешната седница во работата на Управниот одбор ќе учествува нов претставник на Министерството за финансии, Елена Трпковска. И посака успешна работа во Управниот одбор на Фондот, утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 27.10.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.11.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXV -та седница на Управниот одбор одржана на 20.11.2009 година;*

1. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година;*
2. *Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година;*
3. *Семејна медицина со предлог анекс договор;*
4. *Барање од Фармацевтската комора за исплата на месечниот надоместок - квота на аптеки кои немаат потпишано анекс на договорот за промена на квотата во јули 2009 година со предлог анекс;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Природно лекувалиште Негорски Бањи, Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2009 година;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во 2009 година;*

7. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
8. *Предлог одлука за утврдување на референтни цени на здравствени услуги за хипербарна комора;*
9. *Разно.*

*Потоа предложи записниците од LXIII -та, LXIV -та и LXV -та седница, да се усвојат на следната седница на Управниот одбор а дневниот ред на оваа седница да се дополни со следните точки: - Одлука за утврдување на заменик на претседателот на Управниот одбор, која се наметнува заради замената на претставникот на Министерството за финансии кој е и заменик на претседателот на Управниот одбор. Оваа одлука предложи да се разгледа како прва точка на дневниот ред; - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, која е предложена од стручната служба на Фондот заради вклучување на нови заштитени имиња кај повеќе генерики за кои е веќе утврдена референтна цена; - Разгледување на барањето на тројца вработени во Фондот за признавање на трошоците за превоз од Тетово каде живеат до Скопје каде работат; - Барање од здравствената установа Д-р Алачки од Струмица за склучување на договор со Фондот, приговор од здравствената установа Медикана од с. Теарце - Тетово, - Барање од ЈЗУ Здравствен дом Тетово за прераспоредување на средства кои биле наменети за Стоматолошката клиника на Клиничката болница во Тетово.*

*Потоа праша дали има други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова побара дополнително предложените точки од претседателот да се разгледаат на наредната седница. Ова оттаму што дневниот ред на LXVI-та седница е обемен а времето за работа ограничено поради дезинсекција на просториите на Фондот, како и потребата да се посвети внимание на точките од претходно предложениот дневен ред.*

*Управниот одбор го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред со точката - Одлука за утврдување на заменик на претседателот на Управниот одбор и ја уважи сугестијата на директорката Парнарџиева - Змејкова, по што едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

1. *Одлука за утврдување на заменик на претседателот на Управниот одбор;*
2. *Семејна медицина со предлог анекс договор;*
3. *Барање од Фармацевтската комора за исплата на месечниот надоместок - квота на аптеки кои немаат потпишано анекс на договорот за промена на квотата во јули 2009 година со предлог анекс;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Природно лекувалиште Негорски Бањи, Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2009 година;*

5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во 2009 година;*
6. *Предлог одлука за утврдување на референтни цени на здравствени услуги за хипербарна комора*
7. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
8. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година;*
9. *Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година;*
10. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Одлука за утврдување на заменик на претседателот на Управниот одбор*

*Беким Сали објасни дека со решение на Владата на Република Македонија е именуван нов претставник на Министерството за финансии во Управниот одбор на Фондот. Согласно законот претставникот на министерството за финансии и Министерството за здравство наизменично по една година се заменуваат како претседател и заменик на претседателот. Согласно деловникот за работата на Управниот одбор, Управниот одбор утврдува претседател и заменик на претседателот. Бидејќи во времето кога е донесено решението на Владата за именување на нов претставник на Министерството за финансии, претставникот на ова министерство беше заменик на претседателот, Управниот одбор треба и за новиот претеставник да утврди дека е заменик на претседателот на Управниот одбор.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на заменик на претседателот на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се утврди дека заменик на претседателот на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е Елена Трпковска, претставник на Министерството за финансии.*

***ТОЧКА 2 -*** *Семејна медицина со предлог анекс договор*

*Јасмина Смилевска објасни дека со овој анекс на договорот се овозможува на избраниот лекар кој е на специјализација по семејна медицина да продолжи да работи во здравствената установа без обврска да вработи нов избран лекар. За време на специјализацијата избраниот лекар ќе го заменува лекарот кој е определен како негова редовна замена, а на избраниот лекар за време на*

*специјализацијата му се издава факсимил со истиот број со ознака СМ. Значи, анексот ќе им овозможи на лекарите да ја извршуваат дејноста и за време на специјализацијата.*

*Катерина Веновска, претставник на Проектот за управување со здравствениот сектор при Министерството за здравство, додаде дека со прифаќање на анексот ќе се придонесе за спроведување на стратегијата на Министерството за здравство за воведување на семејна медицина до 2020 година. Оваа стратегија предвидува специјализација и дообука на лекарите во областа на семејната медицина. Специјализацијата од оваа област стартуваше оваа година и е планирано секоја година да ја завршат по десет лекари. Според Законот за здравствената заштита, после 2013 година, лекарот кој не ќе има специјализација по семејна медицина не ќе може да работи и да склучи договор со Фондот. Анексот предложен од Фондот соодветствува на потребите на стратегијата.*

*Потоа, Катерина Веновска го изложи случајот со специјализацијата на д-р Сафет Каралиески, од ПЗУ Меникс кој работи во селото Лабуништа, струшко. Овој лекар го известил Фондот дека започнува со специјализација па Фондот му го одземал факсимилот.*

*Јасмина Смилевска објасни дека врз основа на важечката регулатива, Фондот морал да го затвори неговиот факсимил. Ако се усвои предложениот анекс, Фондот ќе му овозможи да работи повторно, но не и ретроактивно.*

*Катерина Веновска нагласи дека овој лекар сакал да постапи согласно прописите па сега се најде во неповолна ситуација. Додаде дека има и неколку други лекари кои се во слична ситуација, па побара да се најде можност за надоместување на средствата кои ги изгубил откако му е повлечен факсимилот.*

*Беким Сали додаде дека, стратегијата на Министерството за развој на семејната медицина не треба да се попречува.*

*Директорот Јелникар укажа дека лекарот без факсимил не може да работи, а директорката Парнарџиева - Змејкова потсети дека со усвојување на анексот на договорот оваа состојба ќе се надмине, но ретроактивно Фондот не може да стори нешто во услови кога се постапувало врз основа на важечките прописи. Додаде дека останува можноста Министерството за здравство и проектот на Светската банка да направат дополнителни оценки за евентуална компензација од нивна страна. Дополнително, откако целосно ќе биде јасен проектот за семејна медицина, Фондот ќе треба истото да го преточи во сопствените акти, односно да предвиди специфичност за матичните лекари на специјализација по семејна медицина.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која го усвои предложениот анекс на договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната здравствена заштита заради овозможување на избраниот лекар кој е на специјализација по семејна медицина да продолжи да работи во здравствената установа во која ја извршувал дејноста.*

***ТОЧКА 3 -*** *Барање од Фармацевтската комора за исплата на месечниот надоместок - квота на аптеки кои немаат потпишано анекс на договорот за промена на квотата во јули 2009 година со предлог анекс*

*Во врска со оваа точка на дневниот ред, објаснување даде Јасмина Смилевска. Таа објасни дека месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот се утврдува врз основа на утврдените средства во Буџетот на Фондот за таа намена, со согледување и земање во предвид на бројот на осигурените лица кои користат лекови на тоа подрачје, структурата на населението по пол и возраст, потребниот број на тимови, бројот на издадени рецепти на товар на Фондот, добрите деловни односи и работењето на здравствената установа. Во текот на годината доколку Фондот има согледување за зголемување или намалување на бројот на осигурените лица кои користат лекови во одредени здравствени установи - аптеки, со анекс на договорот врши промена на утврдениот месечен износ на средства кои здравствената установа може ги добие за издадени лекови на рецепт во наредниот период.*

*При ревидирање на квотите кои Фондот ги направи по првиот и вториот квартал од годината односно за периодот од 1 април до 30 јуни 2009 година, и за периодот од 1 јули до 31 декември 2009 година, настанати се пропусти кај одредени здравствени установи - аптеки поради што е потребно да бидат изготвени три вида на анекс договори.*

*Договорот за 2009 година и првиот анекс на договор за промена на утврдениот месечен износ на средства кои здравствените установи ги добија за издадени лекови на рецепт за периодот од 1 април до 30 јуни 2009 година, се изготвуваа технички по претходно извршена проверка на потребната документација, утврдена висина на квота како и месечната реализација на квотата во Секторот за фармација. Согласно Правилникот за организација и систематизација на работни места на стручната служба на Фондот предвидено е сите договори со здравствени установи да се изготвуваат во Секторот за правни работи, додека пресметување на квотите и следењето на нивната реализација и понатаму ќе се врши во Секторот за фармација. Поради тоа на 28.07.2009 година направено е примопредавање на предметите од Сектор Фармација во Сектор за правни работи, а прегледите за сите пресметани квоти за секоја аптека-работна единица поединечно за периодот од 01.07.2009 до 31.12.2009 година со потписи од двајцата директори на Фондот се примопредадени на 03.07.2009 година на начин предложен од Правниот сектор.*

*Во јули и август 2009 година Правниот сектор изготви анекси на договори на здравствените установи по извршено ревидирање на месечниот износ на*

*средства (квотата) што здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт за период од 01.07.2009 до 31.12.2009 година.*

*Со оглед на тоа што повторното ревидирање на месечениот износ на средства (квоти) беше одобрено усмено и писмено од директорите на Фондот, на ден 03.07.2009 година, усмено беше наложено на Секторот за фармација да ги предаде за објавување на web –страната на Фондот сите здравствени установи со пресметани квоти на секторот за информатика. Објавувањето на променетите квоти уште пред да се почне со изготвување на анексот на договорот имаше за цел навремено информирање на аптеките за новите квоти заради тековно планирање на набавката и издавање на лековите на товар на Фондот од страна на аптеките, каков што беше случајот повеќе пати пред настанување на овој проблем.*

*Секторот за фармација списокот на сите здравствени установи-аптеки со пресметани квоти го достави до Секторот за информатика за да го истакна на web страната на Фондот, пред да бидат сите Анекс договори потпишани од двете договорни страни.*

*Подрачните служби кои немаа добиено Анекс договори за некои здравствени установи - аптеки за VII/2009 година примале фактури со прилог рецепти по новата квота истакната на web страната на Фондот. Истите квоти фигурираат и во системот на податоци на Фондот (модул) заради технички причини во однос на изготвувањето на договорите и анексите на договорите. Од таа причина вршена е исплата по ревидирани месечни износи (квоти) без потпишан анекс договор од двете договорни страни на следните здравствени установи - аптеки: од Кавадарци, ПЗУ аптека - Далиа фарм, ПЗУ аптека Диана, ПЗУ аптека Камелија, ПЗУ аптека Фарма - медика, ПЗУ аптека Ремедиа, ПЗУ аптека Лек Ексклузив, ПЗУ аптека Здравје - Кавадарци, ПЗУ аптека - Хигија. Од Кичево, ПЗУ аптека Здравје Кичево, ПЗУ аптека Бел лек и ПЗУ аптека Аплек. Од Делчево, ПЗУ аптека 8-ми март и ПЗУ аптека Вива - Македонска Каменица. Од Битола ПЗУ аптека Виола и ПЗУ аптека Генција. Од Гостивар ПЗУ аптека Св. Врач и Кузман и Дамјан, ПЗУ аптека Свис- фарм и ПЗУ аптека Про фарм. Од Кочани ПЗУ аптека Ирис. Од Охрид ПЗУ аптека Био-лек и ПЗУ аптека Тања фарм. Од Кратово ПЗУ аптека Здравје. Од Гевгелија ПЗУ аптека Биомент. Од Скопје. ПЗУ аптека Александра.*

*Известувањето од подрачните служби дека недостасуваат Анекс договори со здравствени установи-аптеки за промена на квоти, до Фондот е доставено во октомври 2009 година. Фондот писмено ги извести подрачните служби дека здравствените установи кои не добиле анекс на договор со нов утврден износ на средства или не сакаат да го потпишат, можат да издаваат лекови на рецепт сама до месечниот износ утврден во договорот.*

*Фармацевтската комора на Македонија достави барање до Фондот да се најде решение на кој начин да се исплати месечниот надоместок на аптеките кои немаат потпишано анекс на договор за промена на висина на квотата за период од 01.07 до 31.12.2009 година. Посебно е наведено дека доколку од овие аптеки се бара да фактурираат на Фондот до висина на квотата утврдена по договорот, аптеките нема да бидат во можност за XI и XII /2009 да требуваат лекови.*

*Стручниот колегиум на Фондот смета дека е потребно е да се изготви нов Анекс со зголемување на квотата до висина на веќе утврдените квоти од јули 2009 година и ќе се изврши усогласување на месечните износи на годишно ниво.*

*Со цел во иднина да се отстранат можни превиди во евиденцијата на потпишани договори односно Анекс договори, Сектор за информатика се задолжи да направи измени во сегашното софтверско решение за изготвување на договори со здравствени установи, со што ќе се овозможи да се евидентира стапувањето во сила на секој потпишан договор од двете договорни страни.*

*Оваа промена ќе се имплементира во софтверот на Фондот во текот на 2010 година при што ќе предизвика измени во софтверските решенија за пресметка на капитација за избраните лекари, лаборатории и прибирањето на фактури од аптеки.*

*Ревидирање на квотите за период од 01.07 до 31.12.2009 година не е направено за сите здравствени установи - аптеки, аптеките кои немаат промена на квотата продолжија да издаваат лекови на рецепт по квотата пресметана во анекс договорот -1 кој го покрива периодот до 30.06.2009 година. Поради тоа, потребно е да се изготви нов анекс договор -2, со кој ќе се продолжи важењето на анекс договорот -1 со веќе утврдена квота до 30.06.2009 година со која работат здравствените установи - аптеки.*

*Кристина Христова пак наведе дека секторот за фармација не можел да сигнализира да се стопираат исплатите зашто работи по листата на квоти која е потпишана од директорите.*

*Раководителката на Подрачната служба Кавадарци Силвана Стојанова, додаде дека подрачните служби работат врз основа на важечките акти, па затоа фактурите од аптеките се примени но не се обработени откако во септември се констатира немањето на правен основ - документ. Во моментов, осумте аптеки од Кавадарци не издаваат лекови.*

*Горан Коевски праша од која дата ќе важи анексот на договорот со аптеките, а Јасмина Смилевска одговори дека ќе важи од месец декември и ќе се однесува на периодот од јули до 31 декември.*

*Љубиша Каранфиловски по ова наведе оти смета дека ако Фондот и аптеките се срамнат на годишно ниво, како што е предложено од стручните служби, на соодветен начин ќе се реши настанатата состојба. Важно е да се остане во рамките на определената квота и Фондот да нема дополнителни издатоци, а со предложените анекси тоа се овозможува.*

*Ова становиште го поддржаа и Елена Трпковска и Борис Јосифовски, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која се усвои предложениот анекс на договорот за уредување на односите со аптеките* ***кои немаат потпишано анекс на договор за промена на висина на квотата за периодот од 1 јули до 31 декември 2009 година.***

***ТОЧКА 4 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Природно лекувалиште Негорски Бањи, Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2009 година*

*Лазар Трајчев објасни дека оваа одлука со која се предлага намалување на висината на надоместокот на оваа здравствена устаноа е предложена поради неисполнување на договорениот обем на услуги од нејзина страна. Пред изготвувањето на предлогот за висината на надоместокот е преговарано со установата и таа е запознаена со него.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Здравствената установа Природно лекувалиште Негорски Бањи, Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

*По оваа точка, поради неодложни обврски, седницата ја напушти Горан Коевски, а Управниот одбор продолжи да работи со пет членови.*

***ТОЧКА 5 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во 2009 година*

*Лазар Трајчев објасни дека и оваа одлука се предлага од истите причини како претходната и дека и со МАНУ претходно е преговарано и е запознаена дека надоместокот ќе се намали.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***ТОЧКА 6 -*** *Предлог одлука за утврдување на референтни цени на здравствени услуги за хипербарна комора*

*Татјана Лукановска објасни дека од Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија, до Фондот пристигна барање за утврдување на нов пакет на услуги. Се работи за услуги кои ќе се даваат на оваа клиника отако е пуштена во употреба хипербарната комора. Комисијата на Фондот за утврдување на*

*референтни цени го разгледа барањето, па врз основа на важечките акти кои се применуваат за утврдување на референтни цени, изготви предлог на цени за околу 20% пониски од бараните од Клиниката.*

*Страшо Наумоски праша дали Клиниката е запознаена со предлогот на Фондот а Татјана Лукановска одговори дека е разговарано со Клиниката и им е познат ставот на Фондот.*

*Елена Трпковска праша дали трошоците за оваа услуга се вклучени во буџетот за 2010 година и наведе дека Фондот треба да направи анализа дали ќе може да ги покрие трошоците за овие услуги. Според неа, пакетите би требало да се утврдуваат согласно расположливите средства, или во спротивно ќе се натрупуваат долгови.*

*Татјана Лукановска одговори дека средствата ќе бидат обезбедени од средствата наменети за специјалистичко консултативна здравствена заштита. Освен тоа Фондот не дозволува здравствената установа да го надмине буџетот.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за третмани во хипербарна комора***

*со која се утврдија предложените референтни цени за услугите во хипербарната комора.*

*По разгледувањето на оваа точка на дневниот ред, во 16.45 часот Управниот одбор заврши со работата на LXVI -та седница а преостанатите точки:*

*7. Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места; 8. Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2009 година; 9. Информација за предлог буџетот на ФЗОМ за 2010 година; 10. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија; како и*
*- Разгледување на барањето на тројца вработени во Фондот за признавање на трошоците за превоз од Тетово каде живеат до Скопје каде работат; - Барање од здравствената установа Д-р Алачки од Струмица за склучување на договор со Фондот, приговор од здравствената установа Медикана од с. Теарце - Тетово, - Барање од ЈЗУ Здравствен дом Тетово за прераспоредување на средства кои биле наменети за Стоматолошката клиника на Клиничката болница во Тетово, одлучи да се разгледаат на следната седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Елена Трпковска*** |